**Република Македонија**
**Фонд за здравствено осигурување**
**на Македонија**
**Број: 02-135/22**
**20.01.2009 година**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување (Службен весник на РМ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008 и 98/2008), и член 6 став 4 од Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита (Службен весник на РМ број 48/2001, 31/2003, 137/2006, 25/2007 и 151/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 20.01.2009 година донесе

# ОДЛУКА
за утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита

## Член 1

Вредноста на поенот во примарната здравствена заштита се утврдува на висина од 50 денари.

## Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за здравство а ќе се применува од 01.02.2009 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Фисник Ибраими**